**З А П И С Н И К**

**Од 42- та редовна седница на Советот на општина Василево**

Советот на општина Василево ја одржа 42-та редовна седница на ден 27.07.2016 година (Среда) со почеток во 12.00 часот во просториите на Домот на културата во Василево.

Седницата ја свика и ја водеше Драги Митев претседател на Советотна општина Василево.

На седницата од оправдани причини не присуствуваа советниците:Даниела Трајковска, Сашко Димитрев, Душко Атанасов, Реџеп Мустафов и Џоко Христов

На седницата присуствуваше Славе Андонов извршител во одделението за нормативно правни работи, Габриела К. Ефтимова одговорна во одделението за финансии, Наташа Трајкова претставник од ЈОУДГ Прва Радост Васлево и средствата за јавно информирање.

Претседателот на Советот на општина Василево Драги Митев пред да го предложи дневниот ред за работа на седницата го стави на гласење Записникот од 41-та седница на Совет на општина Василево одржана на ден 23.06.2016 година од 10 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 10 гласа „за", „против" и „воздржани" нема.

За работа на 42-та седницата на Советот на општина Василево беше предложен следниот дневен ред

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

**1**.Годишен извештај за работа на Центарот на Југоисточниот плански регион за 2015 год.
**2.**Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „Прва радост''Василево.
**3**.Правилник за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ЈОУДГ „Прва радост''Василево.
**4.Квартален извештај** за извршување на Буџетот за 2016 година за периодот од 01.01.2016 до 30.06.2016 година ( К - 1).
**5.Квартален извештај** за доспеани а неизмирени обврски на општина Василево за периодот од 01.01.2016 до 30.06.2016 (К-2).
**6.Квартален извештај** за промените на состојбата на задолжувањето на општина Василево за периодот од 01.01. 2016 до 30.06.2016 година ( К- 3).
**7.Предлог – Решение** за разрешување и именување на претседател на Комисијата за јавна безбедност, безбедност на сообраќајот и противпожарна заштита на општина Василево.
8. **Предлог – Решение** за разрешување и именување на член на Комисијата за Еднакви можности на општина Василево.
9.**Предлог – Решение** за разрешување и именување на член на Комисијата за Мандатни прашања избор и именување.
10.**Предлог – Решение** за разрешување и именување на член на Комисијата за Финансирање, Буџет и локален економски развој.
11. Донесување на Одлука по Барањето за финансиски средства за народни игри и песни „св, Петка с, Ангелци.
12. Донесување на Одлука по Барањето за финансиски средства поднесено од ракометната федерација на Македонија.

По отворената расправа по дневниот ред за збор се јави Катерина Ф. Петревска член на Советот на опшштина Василево предлага надополнување на дневниот ред уште за две дополнителни точки: Како 13 –та точка од дневниот ред да биде:Барање за финансиска помош од Месната заедница и Црковниот одбор при Православната црква „ Света Тројца од село Добрашинци.
И како 14- Точка од дневниот ред да биде Предлог- Одлука за формирање на Комисијата за подршка и координација на функционирање на ФК. Василево од Василево.
Немаше друг пријавено за збор двете предложени точки од Катерина Ф. Петревска како 13 –та точка од дневниот ред да биде: **Барање за финансиска помош од Месната заедница и Црковниот одбор при Православната црква „ Света Тројца од село Добрашинци.**
И како 14- **Точка од дневниот ред да биде Предлог- Одлука за формирање на Комисијата за подршка и координација на функционирање на ФК. Василево од Василево,** беа ставени на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 10 гласа „за“, „против“ и „воздржани“ нема.

Дневниот ред заедно со направените надополнувања со двете предложени дополнителни точки беше ставен на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 10 гласа „за“, „против“ и „воздржани“ нема.

**1.**

По отворената расправа по првата точка од дневниот ред: **Годишен извештај за работа на Центарот на Југоисточниот плански регион за 2015 год,** никој не се јави за збор беше ставена на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 10 гласа „за“, „против“ и „воздржани“ нема.

**2.**

По отворената расправа по втората точка од дневниот ред: **Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „Прва радост’’Василево,** никој не се јави за збор беше ставена на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа „за“, „против“нема и „воздржани“ 2.

**3.**

По отворената расправа по третата точка од дневниот ред: **Правилник за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ЈОУДГ „Прва радост’’Василево,** никој не се јави за збор беше ставена на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа „за“, „против“нема и „воздржани“ 2.

**4.**

По отворената расправа по четвртата точка од дневниот ред: **Квартален извештај за извршување на Буџетот за 2016 година за периодот од 01.01.2016 до 30.06.2016 година ( К - 1).,** никој не се јави за збор беше ставена на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа „за“, „против“нема и „воздржани“ 2.

**5.**

По отворената расправа по петата точка од дневниот ред: **Квартален извештај за доспеани а неизмирени обврски на општина Василево за периодот од 01.01.2016 до 30.06.2016 (К-2).,** никој не се јави за збор беше ставена на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа „за“, „против“нема и „воздржани“ 2.

**6.**

По отворената расправа по шестата точка од дневниот ред: **Квартален извештај за промените на состојбата на задолжувањето на општина Василево за периодот од 01.01. 2016 до 30.06.2016 година ( К- 3).,** никој не се јави за збор беше ставена на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа „за“, „против“нема и „воздржани“ 2.

**7.**

По отворената расправа по седмата точка од дневниот ред: Предлог – Решение за разрешување и именување на претседател на Комисијата за јавна безбедност, безбедност на сообраќајот и противпожарна заштита на општина Василево. за збор се јави Драги Митев претседател на Советот на општина Василево предлага:

Да се разреши Весна Ризова од претседател на Комисијата за јавна безбедност, безбедност на сообраќајот и противпожарна заштита.

За претседател на Комисијата за јавна безбедност, безбедност на сообраќајот и противпожарна заштита се именува Сашко Георгиев.

Немаше друг пријавено за збор предлогот на Драги Митев да се разреши Весна Ризова од претседател на Комисијата за јавна безбедност, безбедност на сообраќајот и противпожарна заштита на општина Василево.

**За претседател на Комисијата за јавна безбедност, безбедност на сообраќајот и противпожарна заштита се именува Сашко Георгиев**, беше ставен на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 10 гласа „за“, „против“ и „воздржани“ нема.

**8.**

По отворената расправа по осмата точка од дневниот ред: Предлог – Решение за разрешување и именување на член на Комисијата за Еднакви можности на општина Василево за збор се јави Драги Митев претседател на Советот на општина Василево предлага:

Да се разреши Весна Ризова од член на Комисијата за Еднакви можности

За член на Комисијата за Еднакви можности се именува Сашко Георгиев.

Немаше друг пријавено за збор предлогот на Драги Митев да се разреши Весна Ризова од член на Комисијата за Еднакви можности

**За член на Комисијата за Еднакви Мошности се именува Сашко Георгиев**, беше ставен на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 10 гласа „за“, „против“ и „воздржани“ нема.

**9.**

По отворената расправа по деветата точка од дневниот ред: Предлог – Решение за разрешување и именување на член на Комисијата за Мандатни прашања избор и именување за збор се јави Драги Митев претседател на Советот на општина Василево предлага: Да се разреши Весна Ризова од член на Комисијата за Мандатни прашања избор и именување

За член на Комисијата за Мандатни прашања избор и именување се именува Сашко Георгиев.

Немаше друг пријавено за збор предлогот на Драги Митев да се разреши Весна Ризова од член на Комисијата за Мандатни прашања избор и именување

**За член на Комисијата за Мандатни прашања избор и именување се именува Сашко Георгиев**, беше ставен на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 10 гласа „за“, „против“ и „воздржани“ нема.

**10.**

По отворената расправа по десетата точка од дневниот ред: Предлог – Решение за разрешување и именување на член на Комисијата за Финансирање, Буџет и локален економски развој за збор се јави Драги Митев претседател на Советот на општина Василево предлага: Да се разреши Весна Ризова од член на Комисијата за Финансирање, Буџет и локален економски развој

За член на Комисијата Финансирање, Буџет и локален економски развој се именува Сашко Георгиев.

Немаше друг пријавено за збор предлогот на Драги Митев да се разреши Весна Ризова од член на Комисијата за Финансирање, Буџет и локален економски развој

**За член на Комисијата Финансирање, Буџет и локален економски развој се именува Сашко Георгиев**, беше ставен на на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 10 гласа „за“, „против“ и „воздржани“ нема.

11.

По отворената расправа по единаесетата точка Донесување на Одлука по Барањето за финансиски средства за фолкорниот фестивал народни игри и песни „св, Петка с, Ангелци, за збор се јави Силвана Јованова член на Советот на општина Василево предлага да се доделат средства во висина од 10.000 денари.

Немаше друг пријавено за збор предлогот на Силвана Јованова да се доделат финансиски средства во висина од 10.000 денари по Барањето за фолкорниот фестивал за народни игри и песни „св, Петка с, Ангелци, беше ставен на на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 10 гласа „за“, „против“ и „воздржани“ нема.

**12.**

По отворената расправа по дванаесетата точка **Донесување на Одлука по Барањето за финансиски средства во висина од 30.000 денари поднесено од ракометната федерација на Македонија,** никој не се јави за збор, беше ставен на на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 10 гласа „за“, „против“ и „воздржани“ нема.

13.

По отворената расправа по тринаесетата точка Барање за финансиска помош од Месната заедница и Црковниот одбор при Православната црква „ Света Тројца од село Добрашинци за збор се јави Силвана Јованова член на Советот на општина Василево предлага да се доделат средства во висина од 10.000 денари.

Немаше друг пријавено за збор предлогот на Силвана Јованова **да се доделат финансиски средства во висина од 10.000 денари по Барањето за финансиска помош од Месната заедница и Црковниот одбор при Православната црква „ Света Тројца од село Добрашинци,** беше ставен на на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 10 гласа „за“, „против“ и „воздржани“ нема.

14.

По отворената расправа по четиринаесетата точка: **Предлог- Одлука за формирање на Комисијата за подршка и координација на функционирање на ФК. Василево од**

**Василево** како предлагач градоначалникот на општина Василево Ванчо Стојанов да бидат именувани за членови на Комисијата: **Драги Митев од с. Василево, Цоко Христов од с. Василево и Леонардо Николов од с. Василево**, предлогот беше ставен на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 10 гласа „за“, „против“ и „воздржани“ нема.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советотот на општина Василево Драги Митев ја затвори 42-та седница на Советот на општина Василево.

Записничар:
Зора Коларова

Совет на Општина Василево
Претседавач:
Драги Митев